Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 02-8330/2

Дата: 29.08.2014 2014

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20 ___ год.
Потпис.
______

До: Државен Завод за ревизија
Ул. „Македонија„ бр.12/3
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 02.09.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 277/7 | | |

Предмет:Известување
Врска: Ваш бр. 13-277/4 од 15.07.2014 година

Почитувани,

Од Ваша страна на 01.08.2014 година беше доставен Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасноста и ефективноста на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност на тема тема „Ефикасноста и ефективноста на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија„ и ги прифаќа дадените забелешки и препораки.

Во прилог на наведените цели на равизијата, Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве известува дека во текот на вршењето на ревизијата и по завршување превзема активности за спроведување на дадените препораки:

- Во врска со препораката бр.1 Ве известуваме дека со решение бр. 05-5808/1 од 19.05.2014 година формирана е Комисија за изработка на Стратегија за управување со ризик за периодот од 2015-2017 година (Прилог 1).

- Во врска со препораката бр.3 Ве известуваме дека лицето назначено за известување на неправилности и сомнежи за измами и корупција достави извештаи бр. 02-8584/1 од 11.08.2014 година до Министерство за финансии, Единица во Управа за финансиска полиција, за прviот и вториот квартал за 2014 година (Прилог 2).

- Во врска со препораката бр.6 Ве известуваме дека за извршување на работите поврзани со јавните набавки вклучено е лице кое има потврда за положен испит за јавни набавки (Прилог 3).

- Во врска со препораката бр.7 Ве известуваме дека се спроведува истражување на пазарот со цел да се согледа дали постојат најмалку пет производители / економски оператори кои може да ги исполнат барањата од техничките спецификации (Прилог 4).

Ви ги доставуваме и банкарските гаранции и ИСО сертификати (Прилог 5).

- Во врска со препораката бр. 8 Ве известуваме дека изготвено е Упатство за прием и за задолжување со основни средства и ситен инвентар број 02 – 9064/1 од 27.08.2014 година (Прилог 6).

- Во врска со препораката бр. 9 Ве известуваме дека со Решение бр. 02-7562/2 од 16.07.2014 година формирана е Комисија за вршење на вонреден попис на средствата во МЖСПП. (Прилог 7).

- Во врска со препораката бр. 12 Ве известуваме дека извршена е документирана, објективна проценка на ризиците и е во прилог на Стратешкиот и на Годишниот план за внатрешна ревизија (Прилог 8).

- Во врска со препораката бр.13 Ве известуваме дека поради промената на проценетиот ризик и планираните ресурси за реализација на Годишниот план донесена е измена на Планот за извршување на внатрешна ревизија бр. 22-8199/1 од 30.07.2014 година кој е испратен до Централната единица за хармонизација на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии (Прилог 9).

Министерството за животна средина и просторно планирање смета дека наведените забелешки ќе придонесат за подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на внатрешни контроли во МЖСПП и затоа се залага и ќе се залага за целосно спроведување на препораките дадени во извештајот.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Со почит,

**МИНИСТЕР,**

**Nurhan Izairi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изготвил:Фани Зојчевска
Контролирал: Тодор Ѓорговски
Одобрил: Весна Петрушевска

Прилог:
Прилог 1: Решение бр. 05-5808/1 од 19.05.2014 за формирање на Комисија за изработка на Стратегија за управување со ризик за периодот 2015 – 2017 ;
Прилог 2: Доставување на извештај за неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавни средства за прв квартал 2014 - 02-8584/1 од 11.08.2014

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Доставување на извештај за неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавни средства за втор квартал 2014 - 02-8584/1 од 11.08.2014
Прилог 3: Решение за распоредување на работно место и плата по завршување на пробна работа бр. 04-7348/1 од 02.07.2014 и е –маил за Потврда за положен испит за лице за јавни набавки.
Прилог 4: Барање за потврда за исполнување на технички спецификации и критериуми до JVS Net и одговор од страна на JVS Net
Барање за потврда за исполнување на технички спецификации и критериуми до Rema Компјутери и одговор од страна на Rema Компјутери
Барање за потврда за исполнување на технички спецификации и критериуми до DDS Компјутери и одговор од страна на DDS Компјутери
Барање за потврда за исполнување на технички спецификации и критериуми до OMS Solutions и одговор од страна на OMS Solutions
Барање за потврда за исполнување на технички спецификации и критериуми до Макпетрол и одговор од страна на Макпетрол
Прилог 5: Гаранција бр. ГП 2013/154 за обезбедување на понуда;
Договор за организиран превоз бр.03-01/78 од 31.07.2013;
Договор помеѓу ДООЕЛ ХЕРА ТУРС Битола и РЦ Пелистер Битола;
Гаранција бр.ГЦ2013/1552
Гаранција бр. ГЦ2013/1328
Договор за деловно техничка соработка помеѓу Телесмарт Телеком доо Скопје и Кернел Македонија доо експорт/импорт Скопје
Изјава за неизречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
Изјава за поднесување на:Сертификат за управување ISO 27000;
Сертификат за IT услуги, IT Service Management (ITSM), ISO/IEC 20000/-1:2005;
CERTIFICATE OF REGISTRATION, ISO 9001:2008;
CERTIFICATE EN ISO 27001:2005
CERTIFICATE ISO/IEC 20000 – 1:2011
Прилог 6: Упатство за прием и за задолжување со основни средства и ситен инвентар во Министерството за животна средина и просторно планирање број 02-9064/1 од 27.08.2014 година.
Прилог 7: Решение за формирање комисија за вршење на вонреден попис на средства во Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 02-7562/2 од 16.07.2014
Пописни листи за извршениот попис на книги
Прилог 8: Проценка на ризици
Прилог 9: Решение за користење на годишен одмор за 2014 година бр. 04-5/52 од 23.06.2014
Решение за неплатено отсуство бр. 04-6736/2 од 25.06.2014
Измена на план за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година бр 22-8199/1 од 30.07.2014
Достава на измена на Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година до Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, Министерство за финансии

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk